Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко
општество и администрација
Ministria e Shoqërisë
Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-221/4
20.02.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-221/4
20.02 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Записник од 76 -та седница на**
**Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација | | |
| **Датум** | 31.01.2024 година | **Време** | 12.00 – 13.30 часот |
| **Бр. на седница** | 76-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Анастас Мишев – заменик претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Анастас Мишев – зам.претседател<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сандра Анастасовска (МИОА), Мирослав Гроздановски (МИОА), Наташа Кнежевиќ (МИОА), Слободанка Јакимовска Јосиповиќ (проектен тим), Сања Фрковиќ гелевска (ЕУ Делегација), Борис Стипоаров (консултант), Димитрис Катсианис (консултант), Јоанис Неокосмидис (консултант), | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Букурие Јашари | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 11.1.2024 година, во прилог на поракава
2. Средба со консултантите за изработка на Физибилити студијата заради појаснување на работата на ГИС системите од наша страна и дискусија по нивните прашања, како и известување за напредокот на нивната работа.
3. Разно

**Тек на седницата**

Заменик претседателот на НКБК, Анастас Мишев, ја отвори 76-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го разгледуваа и едногласно го усвоија записникот од 75-та седница, одржана на 11.1.2023 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамки на втората точка збор зеде Мирослав Гроздановски (МИОА), при што ги претстави присутните консултанти задолжени за подготовка на Студијата, како и членовите на проектниот тим и присутните од ЕУ Делегацијата.

Јоанис Неокосмидис (консултант) даде преглед на активностите кои ги презема експертскиот тим задолжен за подготовка на Физибилити Студијата. Исто така, истакна дека имаат отворени прашања околу податоците кои ги прибираат од соодветните институции и претпријатија, како и околу нивната форма.

Се истакна потребата АЕК да обезбеди податоци за слободните капацитети на мрежите на операторите бидејќи во ГИС платформата истите недостасуваат.

Исто така, се отвори дискусија околу дефиниции за „бела“ и „justified сива“ зона, и дали

нивното утврдување ќе биде на ниво на населено место (како што е во ToR-от) или општини, региони и слично.

**Заклучок:** Членовите на НКБК препорачаа консултантите да ги достават сите свои отворени прашања околу обезбедувањето на потребните податоци до Министерството за информатичко општество и администрација, кое што потоа ќе треба да да достави дописи до надлежните институции (Државниот завод за статистика, Агенцијата за електронски комуникации, ЈП Македонска радиодифузија), за да ги обезбедат податоците потребни за изведувачот на проектот.

Записникот го водеше заменик претседателот на НКБК

**Анастас Мишев** ______________